МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2024

СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ 2025

# СОДРЖИНА


ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА МАЗЗ ..... 3

СОБРАНИЕ ..... 6

УПРАВЕН ОДБОР ..... 6

СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ ПАРТНЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, ИНСТИТУЦИИ И ДОНАТОРИ ..... 7

ЛОБИРАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ИНТЕРЕСИТЕ НА ЗЗ ..... 7

ПРИСУСТВО НА НАСТАНИ И МАНИФЕСТАЦИИ ..... 9

РАБОТИЛНИЦИ, ОБУКИ, СЕМИНАРИ ..... 10

КОНФЕРЕНЦИИ ..... 11

МЕМОРАНДУМИ , ДОГОВОРИ, СОРАБОТКИ ..... 11

САЕМИ И СТУДИСКИ ПОСЕТИ ..... 11

ВЕБ СТРАНА НА МАЗЗ ..... 12

ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА ..... 13

# ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА МАЗЗ

**ВИЗИЈА НА МАЗЗ:**

Визијата на Македонската асоцијација на земјоделски задруги да стане водечки бренд на здружување на земјоделците во Република Северна Македонија, која ќе има моќ да биде столб на активното задругарство и силен двигател на промените во земјоделието преку подигање на свеста во јавноста за признавање на земјоделските задруги како единствено средство за постигнување на дополнителна продуктивност и ефикасност во земјоделскиот сектор.

**МИСИЈА:**

Македонската асоцијација на земјоделски задруги е регистриран сојуз на задруги кој постои да поддржи формирање на нови задруги, да ги обедини сите земјоделски задруги во државата и да им обезбеди зајакнување на управувачките капацитети на задругите, еднаков третман на нивните потреби и реална поддршка на пласман на нивните производи на пазарот во земјата и меѓународно. Македонската асоцијација на земјоделски задруги е гласот на земјоделецот во Република Северна Македонија и носител на промените во усогласувањето на легислативата со Европската Унија.

**ГЛАВНА ЦЕЛ:**

Македонската асоцијација на земјоделски задруги – МАЗЗ ја консолидира работата на земјоделските задруги и нивните членови за остварување на нивните индивидуални и меѓусебни права и интереси на модерен и демократски начин и придонесува за развој на одржливо земјоделство и квалитет на животот. Целта на организацијата е да ги заштити економските, социјалните и културните интереси на земјоделците и да работи на подобрување на условите на пазарот на производство. За остварување на оваа цел, МАЗЗ соработува со национални и меѓународни невладини организации, владини институции на локално и национално ниво, како и со субјекти од областа на образованието и бизнисот, кои придонесуваат и влијаат на условите за развој на одржливо и профитабилно земјоделско производство, услови неопходни за развој во руралните области и квалитетот на живот на земјоделците. Општо земено, организацијата влијае на јавното мислење и, следејќи ја економската и политичката ситуација, навремено реагира презентирање на клучните прашања за развој на земјоделството до релевантните институции.

**ДЕЈСТВУВАЊЕ НА МАЗЗ**

Македонската асоцијација на земјоделски задруги – МАЗЗ ја консолидира работата на земјоделските задруги и нивните членови за остварување на нивните индивидуални и меѓусебни права и интереси на модерен и демократски начин и придонесува за развој на одржливо земјоделство и квалитет на животот. Целта на организацијата е да ги заштити економските, социјалните и културните интереси на земјоделците и да работи на подобрување на условите на пазарот на производство. За остварување на оваа цел, МАЗЗ соработува со национални и меѓународни невладини организации, владини институции на локално и национално ниво, како и со субјекти од областа на образованието и бизнисот, кои придонесуваат и влијаат на условите за развој на одржливо и профитабилно земјоделско производство, услови неопходни за развој во руралните области и квалитетот на живот на земјоделците. Општо земено, организацијата влијае на јавното мислење и следејќи ја економската и политичката ситуација, навремено реагира презентирање на клучните прашања за развој на земјоделството до релевантните институции.

МАЗЗ дејствува на национално ниво согласно потребите и интересите на своите членови.

Со цел МАЗЗ да се издигне на ниво на релевантен национален претставник на земјоделските задруги во Р. Северна Македонија, неопходно е:

- зголемување на бројот на зз кои членуваат во организацијата;
- обезбедување на репрезентативна секторска застапеност на зз и национална покриеност;
- ефикасен систем за комуникација со своето членство, идентификација на нивните потреби и проблеми
- функционален систем за собирање и анализа на релевантнни податоци и информации, врз основа на кои ќе ја гради својата политика, своите ставови и акциони планови.

Ваквиот пристап ќе овозможи признавање и правно потврдување на МАЗЗ во општеството и пред институциите како релевантен претставник на земјоделските задруги, базирано на реални потреби на членовите, точни податоци и сеопфатни анализи.

Задругите во светот се присутни повеќе од 180 години. Принципите врз основа на кои тие се граделе, функционирале и се развивале, во текот на годините се менувале. Денес општо прифатени се седум принципи:

1. Доброволно и отворено членство
2. Демократско управување
3. Членарина и контрола на финансиските средства
4. Самостојност и независност
5. Образование, обука, информирање
6. Соработка меѓу членовите
7. Грижа за заедницата/општеството

**ЧЛЕНСТВО**

Членка на МАЗЗ може да биде секоја земјоделска задруга што го прифаќа Статутот, целите и задачите на организацијата. Статусот членови на МАЗЗ на рамноправна основа го имаат земјоделските задруги кои ја основале МАЗЗ и сите други земјоделски задруги кои пристапуваат кон МАЗЗ под услови и на начин уреден со Статут. Членовите на МАЗЗ се рамноправни и еднакви во остварувањето на правата и обврските, а МАЗЗ ја почитува нивната автономија и самостојност. Претставниците на земјоделските задруги избрани во Собранието на МАЗЗ можат да бидат бирани и можат да бираат во органите и телата на организацијата.

Земјоделски здруженија, незадружни организации и други правни и физички лица кои имаат интерес можат да стекнат статус на придружни членови на МАЗЗ. Придружните членови на МАЗЗ не можат да ја остваруваат функцијата на управување во МАЗЗ. Управниот одбор со посебен акт ги утврдува условите на стекнување на статусот на придружен член и видот и содржината на остварувањето на тој статус, како и предлогот за висината на членарината која треба да ја плаќаат за остварување на функцијата на МАЗЗ.

# ОРГАНОГРАМ НА МАЗЗ




Органи на МАЗЗ се: **Собрание, Управен одбор и Надзорен одбор.**

Собранието (највисок орган) работи на седници, најмалку еднаш годишно а седниците на Собранието ги свикува Претседателот на МАЗЗ по сопствена иницијатива, по барање на Управниот одбор на МАЗЗ или по писмено барање на една третина од членовите на здружението.

**Управниот одбор на МАЗЗ** (управувачки орган) се состои од 9 члена избрани од Собранието на МАЗЗ. За членови на Управниот одбор се бираат лица кои со својата работа и придонес ќе обезбедат и овозможат успешно функционирање и работа на МАЗЗ во реализација на задачите и целите. Претседателот на МАЗЗ е Претседател и на Управниот одбор и тоја ја претставува и застапува организацијата пред трети лица.

**Надзорниот одбор** (надзорен орган) се состои од 5 члена избрани од Собранието на МАЗЗ и истиот врши надзор на финансиското и материјално работење на МАЗЗ односно врши контрола на правилно и законито спроведување на одлуките и заклучоците донесени од страна на Собранието и Управниот одбор. Претседателот на Надзорниот одбор се избира од страна на Собранието, пред да отпочне со работа одборот за контрола.

# СОБРАНИЕ

Во рамките на 2024 година беше организирана една седница на Редовно Годишно Собрание на МАЗЗ.

На 19.04.2024 во хотел Гардениа во Велес, се одржа седница на редовно Годишно Собрание на Македонската асоцијација на земјоделски задруги. На седницата на Собрание, делегатите ги усвоија Годишниот наративен извештај на МАЗЗ за 2024 година, Годишниот финансиски извештај на МАЗЗ за 2024 година и Годишниот план на активности на МАЗЗ за 2024 година.

# УПРАВЕН ОДБОР

Управниот одбор на МАЗЗ ги надгледува, следи и извршува одлуките на Генералното собрание, во согласност со Статутот и одлуките донесени од Генералното собрание. Управниот одбор назначува и разрешува Претседател на Управен одбор и го следи спроведувањето на Годишниот план за работа на МАЗЗ. Управниот одбор на МАЗЗ во 2024 година одржа 7 состаноци од кои 5 беа со физичко присуство а 2 состаноци се одржаа онлајн. На состаноците на Управниот одбор на МАЗЗ се дискутираа теми поврзани со земјоделство и земјоделски задруги односно се градеа ставови за одредени државни мерки за поддршка на задругите за нивно непречено функционирање.

**Членови на Управниот Одбор на МАЗЗ:**

1. Мукрем Мехмеди — зз Рекански Фармер, с. Трница, Маврово Ростуше
2. Лазар Боев — зз Петрушка река, с. Миравци, Гевгелија
3. Дејан Петровски — зз Прва Лозарска Кооператива, Неготино
4. Менде Трајковски — зз Нектар Бт, Битола
5. Драги Памуков — зз Веге Фреш, с. Куклиш, Струмица
6. Љубе Пампулевски — зз Крани, Крани, Ресен

Претседател на Управниот одбор е г-дин Менде Трајковски.

**Членови на Надзорниот Одбор на МАЗЗ**

1. Ѓорѓи Андонов — зз Пчелин Рај, Струмица
2. Моме Младеновски — зз Овчеполка, Крива Паланка
3. Ристо Христов — зз Агро Куклиш, Струмица
4. Ѓорѓи Хаџи Котаров — зз Органски Зрак, Струмица

Претседател на Надзорниот одбор е г-дин Ѓорѓи Андонов.

# СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ ПАРТНЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, ИНСТИТУЦИИ И ДОНАТОРИ

-Во рамки на проектот ,,Конкурентни земјоделски задруги,, беа потпишани 8 договори за суб-грантови со 8 земјоделски задруги  од Североисточниот, Северозападниот, Југозападниот и регионот Преспа во вкупен износ од 260.050 евра❗
Средствата беа обезбедени преку проектот Конкурентни земјоделски задруги и беа со заедничко учество на Европската Унија и Македонската асоцијација на земјоделските задруги, каде што МАЗЗ учествуваше со нешто под 20% од вкупната сума. Покрај поддршката со суб-грант, за секоја земјоделск задруга имамеше предвидено и менторска поддршка за реализација на предвидените инвестиции, како и голем број на обуки за јакнење на капацитетите на задругите грантисти.

- На 22-ри јануари во х. Александар Палас во Скопје се одржа третиот состанок на Насочувачкиот комитет на проектот “Зајакнување на управувањето на земјоделските задруги за подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор (Конкурентни земјоделски задруги)”
На состанокот беа присутни претставници на Делегацијата на Европската Унија, на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, на општини во кои се спроведува проектот како и делегирани членови од страна на МАЗЗ. Целта на состанокот беше презентација на исходот од повикот за суб-грантови за земјоделски задруги како и воспоставување на динамика за наредни чекори на делување во рамки на проектот.

- На 03.07.2024 се одржа четвртиот состанок на Насочувачкиот комитет на проектот "Зајакнување на управувањето на земјоделските задруги за подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор Конкурентни Земјоделски задруги”, во Хотел Солун, Скопје. На состанокот беа присутни членови од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Општина Крива Паланка, претставник од Делегација на ЕУ како и проектниот тим.
Главна тема на состанокот беше презентација на активностите за периодот февруари-јуни 2024, а беше претставен и напредокот на 7те грантови. Беа наведени и активностите за наредниот период.

-Во рамките на Форумот за филантропија во организација на Конект (www.konekt.org.mk) кој се одржа на 22.05.2024 година, во хотелот „Дабл Три Хилтон“ во Скопје **свечено беа доделени 6 Сертификати за Ознака за доверба**. На наше огромно задоволство и чест МАЗЗ беше една од тие организации кои се стекнаа со Ознаката за доверба во времетрање од 3 години кој ја потврдува посветеноста на организацијата кон транспарентно, демократско и отчетно работење.

Ознаката за доверба претставува само-регулирачки систем кој има за цел на граѓаните и компаниите да им го олесни изборот на доверливи организации во коишто можат да донираат. Таа се стреми долгорочно да ја зголеми довербата помеѓу граѓанските организации (ГО) и локалните донатори. Ознаката се добива преку внимателно креиран процес и критериуми за транспарентност, отчетност, резултати од работењето, почитување на законската регулатива итн. Граѓанските организации коишто ја поседуваат ознаката за доверба се добри партнери на граѓаните, но и на останатите чинители во заедницата. За целите на спречување перење пари (AML) и спречување финансирање тероризам (CFT), „Ознаката за доверба“ е надградена со критериуми во согласност со стандардите на ФАТФ (Financial Action Task Force).

# ЛОБИРАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ

Една од најзначајните активности на МАЗЗ е лобирањето и застапувањето за членовите на организацијата. Во 2024 година најзначајната придобивки во однос на лобирањето и застапувањето беа:

-Со стапувањето на сила на Законот за задругите во мај 2023, и укинувањето на Законот за земјоделски задруги, земјоделските задруги ја загубија можноста за финансирање од страна на државата, односно користење на средства од мерката позната како Мерка 131 – Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност, во рамките на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој. Голем број на задруги кои со годините наназад како корисници на средствата од оваа мерка останаа без поддршка во нивното функционирање. Различни предлог решенија и иницијативи беа разгледувани со цел да им се овозможи на задругите повторно да бидат препознаени како корисници на средства за финансиска подршка по различни основи.

Потенцијалното решение дојде преку иницијатива на МАЗЗ да се надмине овој проблем. МЗШВ ја препозна итноста и потребата за интервенција во законската регулатива и сериозно се зафати со решавање на овој проблем со цел повторно да им се обезбеди пристап до финансиска поддршка на земјоделските задруги во државата. МЗШВ направи сеопфатни анализи и констатира дека проблемот не може да се реши без притоа да се направат измени во законските регулативи кои ја регулираат оваа материја На неколку координации помеѓу МАЗЗ и МЗШВ, произлезе потребата од измена на Законот за земјоделство и рурален развој. За таа цел, од страна на МЗШВ и МАЗЗ се подготви акциски план, со неколку конкретни активности за изнаоѓање решение за овој проблем а МАЗЗ обезбеди буџет за реализација, преку ЕУ проектот ’’Конкурентни земјоделски задруги’’.

На 22.08.2024 со решение, Министерот за Земјоделство шумарство и водостопанство г-дин Цветан Трипуновски, формираше работна група за изменување и дополнување на Закон за Земјоделство и рурален развој во делот на земјоделските задругикаде координатор на целиот процес беше назначен Државниот секретар – Даниела Иротова Лазарева која го координираше и водеше целот процес.

Оваа работна група ја сочинуваа претставници од сите релевантни институции и организации во секторот, како МЗШВ, МАЗЗ, АПРЗ, АФПЗРР, ФЗНХ, МЕТ, НФФ и МЗЗ.

Работната група сериозно и посветено работеше на изнаоѓање на решение за надминување на овој проблем. Во таа насока, одржани беа 2 дводневни работилници на 26.08.2024 год. и на 16.09.2024 година, во Скопје. Се констатираше дека е потребно:

Измена и дополнување на член 74 од Законот за земјоделство и рурален развој,

Измена и дополнување на Правилниците за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци, висината на вредноста на прифатливите трошоци, како и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка по корисник врз основа на член 90 од Законот за земјоделство и рурален развој и Измена на Правилник за поблиските критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој врз основа на член 91 исто така од Законот за земјоделство и рурален развој.

Изработени беа консолидиран текст со предлог измените и дополнувањата од Законот за земјоделство и рурален развој во делот на земјоделските задруги

Изготвени беа и измените на Правилниците за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци, висината на вредноста на прифатливите трошоци, како и висината на поддршката за прифатливите трошоци

Од страна на Секторот за рурален развој во МЗШВ овие текстови беа доставени до сите учесници на Работна група се обврска истите да ги презентираат планираните промени со своето членство во насока да се зголеми процесот на транспарентност и вклученост на сите засегнати чинители особено при креирање и усвојување на законски решенија.

Предлог измените на Закон за земјоделство и рурален развој од страна на работната група се презентирани пред пратеничките групи и членовите на парламентарната Комисија за земјоделство и рурален развој. Предлог измените се поднесени од страна на група пратеници на крај на Октомври. На прва седница на Комисја за земјоделство, шумарство и водостопанство во Собрание на Република Македонија од страна на пратениците измените се изгласани и пуштени на прва пленарна седница кога се донесени и измените на законот.

Со измените на Законот за земјоделство и рурален развој Земјоделските задруги повторно го стекнаа правото и можноста за користење на финансиска помош од Програмите на министерството.

-Членки на Македонската асоцијација на земјоделски задруги на 8-ми октомври остварија средба со директорот на АД Водостопанство, г-дин Филип Филиповски. Целта на координативната средба беше презентирање на актуелните проблеми и предзвици со кои се соочуваат земјоделските задруги кои стопанисуваат со вода за наводнување на земјоделски површини и изнаоѓање на практични решенија за надминување на истите.

## ПРИСУСТВО НА НАСТАНИ И МАНИФЕСТАЦИИ,

-Претставници на Македонската асоцијација на земјоделски задруги, на огромна чест и задоволство на 25-ти септември, 2024 година оствариja работна средба со европскиот комесар за земјоделство г-дин Јануш Војчиеховски која беше дел од 18-от Годишен работен состанок на министрите за земјоделство од земјите од Југоисточна Европа. Евро-комесарот Војчиеховски ја презентираше земјоделската политика на Европската Унија посебно за земјите од регионот, предностите и можностите кои што се на располагање но исто така беше развиена и дискусија за надминување на одредени состојби и предизвици со кои се соочува македонското земјоделство.

### ПРИСУСТВО НА МАНИФЕСТАЦИИ

-Македонската асоцијација на земјоделски задруги беше дел од големиот настан „Вкуси ја традицијата” – Трет по ред национален саем за храна и пијалоци“ кој се одржа на 02.11.2024 година (сабота) во паркот Авионче во Ново Лисиче, Скопје. Станува збор за настан во организација на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на кој се претставија голем број на производители, земјоделски задруги – членки на МАЗЗ и локални здруженија, кои заеднички ги презентираа македонското земјоделство и гастрономија.
На штандот на Здружение Македонска асоцијација на земјоделските задруги беа изложени производи од своите членки за кои имаше огромен интерес од страна на посетителите меѓу кои беа и претставници на амбасади во Република Северна Македонија, претставници на меѓународни проекти и донатори во државата. МАЗЗ како најголема чадор организација и во иднина активно ќе работи на промоција за здружување на фармерите, семејните земјоделски стопанства и другите облици со цел остварување на заедничките интереси за развојно, профитабилно земјоделство кое овозможува достоинствен живот на фармерите.

-Членки на Македонската асоцијација на земјоделски задруги беа присутни со свои штандови и производи на 4-от по ред Агро Саем во Струмица - фестивал на храна, мед и пијалоци кој се одржа на 5-ти октомври, 2024 година на градскиот плоштад во Струмица 🍅🍏🍇🥕🍆🌶️

-На 20-ти октомври,2024 година, претседателот на МАЗЗ г-дин Менде Трајковски беше дел од манифестациите Денот на Тетовскиот грав 🫘и Денот на Компирот од Вејце🥔 во селото Вејце, Тетово, организирани од нашата членка Земјоделската задруга за традиционално сточарство „Шари“, предводена од г-ѓа Бехаре Незири. Овој настан, поддржан од МЗШВ, има за цел да ги промовира и поддржува регионалните земјоделски традиции 🌾, а посебно автохтоните производи како Тетовскиот грав и Компирот од Вејце, кои се гордост на регионот 🏞️и успешно се претставуваат на регионалните и ЕУ пазари 🇪🇺. За време на овој настан беше поделена и нова опрема за модернизација на сточарството 🐑ко-

финансирана од страна на Европската Унија во рамките на проектот Конкурентни земјоделски задруги во имплементација на МАЗЗ.

## РАБОТИЛНИЦИ, ОБУКИ, СЕМИНАРИ

-Обука за земјоделските задруги грантисти на проектот "Конкурентни земјоделски задруги" на тема "Имплементација, мониторинг и известијност" одржана во Велес на 25-ти и 26-ти март,2024 година.
На првата обука од сетот обуки предвидени за јакнење на капацитетите на земјоделските задруги, ќе се фокусираме кон правилата и начелата за набавки, согласно процедурите за спроведување на ЕУ проекти. Отворање на повик, прибирање на понуди, избор на комисија за евалуација, правила за видливост, како и извештај за спроведена активност ќе бидат темите на кои ќе се осврнеме во овие три дена.
Сметаме дека по завршувањето на оваа обука, задругите ќе се стекнат со соодветни вештини и познавања за успешно да ги спроведат активностите предвидени со грантовите.
Проектот "Конкурентни земјоделски задруги" е финансиран од Европската Унија, а го спроведува Македонската асоцијација на земјоделски задруги заедно со ЗБК Креација.

-Во периодот од 26-29.11.2024 година беше спроведена практичната и теоретска обука за управување со безбедност и квалитет на производи со ЗГО и јаболки од Ехстра класа и 1-ва класа во целиот синџир на производство од земјоделско стопанство - производители на јаболки до потрошувач која се одржуваше во хотел Lakeview, Отешево. Обуката се реализираше во рамките на проектот Зајакнување на менаџментот на земјоделските задруги за подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор, (Конкурентни земјоделски задруги).

-Во месец ноември, 2024 година, Македонската асоцијација на земјоделски задруги реализираше 3 дводневни обуки и тоа во Велес, Охрид и Битола на тема брендирање, маркетинг и продажба на земјоделски производи. Во рамките на трите реализирани обуки земјоделските задруги имаа можност директно, од прва рака, да ги чујат искуствата и предизвиците со кои ќе се соочуваат во градењето на сопствениот бренд.
-Во периодот од 22-25.10.2024 беше реализирана четиридневна обука на тема „Обука за одгледувачи на овци според географска ознака за Македонско јагнешко и Македонско традиционално сирење од Овчеполска Праменка" која се одржа во Локвица, Македонски Брод. Главна цел на обуката беше информирање и обучување на одгледувачите на овци во насока на стекнување на практични знаења и вештини за тоа како да ги превенираат ризиците во подготовка и производство на производи од овчарството кои се заштитени со ЗГО, во случајот Македонско јагнешко месо од Овчеполска Праменка и Македонско традиционално овчо бело сирење од Овчеполска Праменка. Претставник од Делегацијата на Европска Унија ја посети фармата каде се одржа обуката и се запознаа со процедурата при подготовка и производство на производи од овчарството кои се заштитени со ЗГО, Македонско јагнешко месо и Македонско традиционално овчо бело сирење од Овчеполска Праменка. Се одржа и кратка церемонија на доделување сертификати на учесниците на обуката. Обуката се одржа во рамките на проектот "Зајакнување на управувањето на земјоделските задруги за подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор – Конкурентни Земјоделски задруги", финансиран од Европска Унија а имплементиран од Македонска асоцијација на земјоделските задруги и Здружение за бизниси и консултанти Креација.

## КОНФЕРЕНЦИИ

-Одбележан Меѓународниот ден на задруги 🎉🎉🎉
Македонската асоцијација на земјоделски задруги е единствена организација која во соработка и со поддршка на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство веќе 12 години по ред, првата сабота од месец јули, го одбележува Меѓународниот ден на задруги кој на истиот датум секоја година паралелно се одбележува во целиот свет. Целта на одбележување на Меѓународниот ден е да се зголеми свеста за задругите и да се промовираат успесите и идеалите на движењето на меѓународната солидарност, економската ефикасност, еднаквоста и светскиот мир. Меѓународниот ден, исто така, има за цел да ги зајакне и прошири партнерствата помеѓу меѓународното движење за соработка и другите актери, вклучително и владите, на локално, национално и меѓународно ниво.
Темата на овогодинешниот Меѓународен ден на задруги кој се одржа во Струмица беше Задругите градат подобра иднина за сите! Во таа насока задружниот идентитет, вредностите и принципите поставуваат силен систем за постигнување на целите за одржлив развој. Во своето работење, задругите треба да ги покажат своите високи стандарди за инклузивен и одржлив раст и да служат како примери за заштита на животната средина и борба против климатските промени. Преку дијалог, демократско владеење и заедничка сопственост, задругите даваат пример за мир и стабилност, зближувајќи ги луѓето од различно потекло на еднакви услови и поттикнувајќи меѓусебно разбирање и почит. Младите во задругите треба да превземат иницијатива да го водат патот давајќи им можности, пренесувајќи знаење и обезбедувајќи различност и еднаквост за сите!
Ни беше чест и особено сме благодарни за присуството на настанот од страна на Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство г-динот Цветан Трипуновски кој даде безрезервна поддршка за развој на задругарството и најави решителни чекори за надминување на одредени предизвици со кои се соочува задружниот сектор преку конкретни мерки и решенија!

## МЕМОРАНДУМИ, ДОГОВОРИ, СОРАБОТКИ

-Претседателот на Македонската асоцијација на земјоделски задруги оствари средба со претставници на Здружението на локалната акциона група Пиразиз (PIRYEG) од Турција. PIRYEG е здружение формирано во 2022 година и е составено од субјекти од јавен и приватен сектор како и граѓански организации кои ги одредуваат развојните приоритети и се здружуваат во согласност со истите цели се со цел да ги вклучат локалните актери во процесот на одржлив рурален развој. Целта на посетата беше можноста за заедничка потенцијална соработка во делот на производство и пласман на одредени земјоделски производи од двете држави.

-На 22-ри ноември, Македонската асоцијација на земјоделски задруги оствари работна средба со претставници на организацијата Жени за Жени, Косово. Целта на посетата беше запознавање со работата на земјоделските задруги во Македонија особено оние кои што се управувани од жени. Во склоп на посетата на косовската делегација беше реализирана и средба со секретарот на ЗЗ Шари од Тетово, г-дин Насер Џемаили како и посета на сточарска фарма кај нивна членка во с. Беловиште, Јегуновце.

## САЕМСКИ И СТУДИСКИ ПОСЕТИ

-Во периодот од 17-19 мај, четиричлена делегација на Македонската асоцијација на земјоделски задруги предводена од г-дин Лазар Боев член на Управниот одбор на МАЗЗ и управител на ЗЗ Петрушка Река, Миравци беше дел од 91-от по ред Меѓународен саем за земјоделство во Нови Сад. Новосадскиот саем

претставува најголем саемски настан во Р. Србија и е еден од најголемите саеми во Европа во областа на земјоделството. Саемот ги обединува најважните компании од агроиндустријата, земјоделското производство, механизацијата, како и најдобрите во сточарството и е неизбежно место за земјоделците и професионалната публика која е заинтересирана за земјоделството. Со оглед на долгогодишната традиција на оддржување, саемот стана заштитен знак на Нови Сад, како и престижно место за презентација и развој на агробизнисот. Земја партнер на овогодинешниот саем беше Европската Унија а истиот официјално беше отворен од страна на претседателот на Владата на Р. Србија. Со поздравни говори до присутната јавност се обратија градоначалникот на Нови Сад, претседателката на покраинската Влада на Војводина, Еврокомесарот за земјоделство на ЕУ, шефот на делегацијата на Европската Унија во Р. Србија и генералниот директор на Новосадски саем.
Традиционално, Задружниот сојуз на Војводина беше домаќин на делегации на Задружни сојузи од регионот во рамките на одржувањето и зајакнувањето на меѓусебната соработка и поддршка. Одржана беше и тркалезна маса на тема „Земјоделското задругарство во регионот – состојби и предзвици “, на која учествуваа претставници на Задружни сојузи од Војводина, Србија, Република Српска и Хрватска со цел поврзување на задругите на регионално ниво, размена на искуства и воспоставување деловна соработка.

-Делегација составена од девет македонски млади фармери беа на студиска посета во Словенија. Целта на студиската посета беше запознавање со успешните модели за функционирање на младите фармери и мерките кои ги имаат како поддршка младите фармери во Словенија, со цел нивно пренесување и реплицирање во нашата држава.
Во рамки на студиската посета делегацијата оствари посета со претставници на Дирекцијата за земјоделство на Словенија на која беше презентирана поддршка за основање на фарми за млади фармери и акциониот план за работа со млади земјоделци на Словенија. Работни средби беа остварени и со претставници на Агенцијата на Република Словенија за земјоделски пазари и рурален развој, како и со Земјоделско-шумарската комора на Словенија.
Покрај поддршката од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Increasing Market Employability - IME партнери на оваа студиска посета се и Сојузот на млади фармери во Словенија, Министерството за земјоделство, шумарство и храна на Словенија, како и Амбасадата на нашата држава во Словенија.
Во делегацијата учествуваа по тројца млади фармери од трите најголеми социоекономски партнери на МЗШВ и тоа: по еден претставник од ЗЗ Пчелелин Рај, ЗЗ Нектар и ЗЗ Крани - членки на Македонската Асоцијација на земјоделски задруги, Националната федерација на фармери и Мрежата на земјоделски задруги. Студиската посета се реализираше во периодот од 22 до 26 јануари 2024 година.

## ВЕБ-СТРАНА НА МАЗЗ

Интернет-страницата на МАЗЗ, www.mazz.mk, и понатаму останува најдобрата веб-страна, каде што сите лица можат да читаат информации за земјоделството. Во 2024 година реализирани се 65,582 посети од кои 32,603 се нови посетители, 757,380 отворања на страни, напишани се 60-на текстови со вкупна тежина од 20.57 GB, и направени се  приближно 917,150 симнувања.




| Month | Unique visitors | Number of visits | Pages | Hits | Bandwidth |
|---|---|---|---|---|---|
| Jan 2024 | 568 | 775 | 14,337 | 25,280 | 610.52 MB |
| Feb 2024 | 535 | 663 | 11,490 | 20,760 | 532.96 MB |
| Mar 2024 | 461 | 644 | 8,447 | 20,242 | 674.96 MB |
| Apr 2024 | 574 | 811 | 13,198 | 28,915 | 822.63 MB |
| May 2024 | 528 | 681 | 13,285 | 27,025 | 824.52 MB |
| Jun 2024 | 480 | 664 | 12,450 | 20,920 | 717.86 MB |
| Jul 2024 | 857 | 1,070 | 12,533 | 24,636 | 1.37 GB |
| Aug 2024 | 3,607 | 4,101 | 16,516 | 23,610 | 1.06 GB |
| Sep 2024 | 3,149 | 3,486 | 16,187 | 32,284 | 926.39 MB |
| Oct 2024 | 20,052 | 50,518 | 613,463 | 630,827 | 11.67 GB |
| Nov 2024 | 1,261 | 1,505 | 15,669 | 39,204 | 973.32 MB |
| Dec 2024 | 531 | 664 | 9,805 | 23,447 | 547.81 MB |
| Total | 32,603 | 65,582 | 757,380 | 917,150 | 20.57 GB |

## ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Македонската асоцијација на земјоделски задруги преку брифинзи, изјави, соопштенија за медиуми, интервјуа, како и користење на други медиумски алатки, во текот на 2024 година сеопфатно ги презентираше сите свои ставови и активности. Ваквиот начин резултираше со поголемо лобирање и застапување на интересите на земјоделските задруги, со цел МАЗЗ да стане подемократска и потранспарентна организација. Во текот на 2024 година реализирани се повеќе од 20 медиумски преставувања од страна на Претседателот на организацијата и членовите на Управниот и Надзорниот одбор и тоа најчесто на земјоделската емисија АГРАР на МТВ и БРАЗДИ на КАНАЛ 5.

Дополнително, МАЗЗ како транспарентна организација, се труди секогаш навремено да го информира своето членство за сите активности и случувања во организацијата преку веб страната на организацијата и преку својот профил на социјалните мрежи (Фејсбук).